Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со Глава II. Проектни активности, Точка 6. Финансиска поддршка на спортисти и рекреативци од Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош бр.13/2018), и записникот од комисијата за финансиска поддршка на спортисти и рекреативци од Општина Карпош бр.11-3975/1 од 20.05.2019 година, Советот на Општина Карпош, на втората седница, одржана на 13.12.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за поништување на Решението за одобрување на финансиски средства на Здружението за промоција и популаризација на кошарката во Македонија 3x3 Баскетбол од Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се поништува Решението за одобрување на финансиски средства на Здружението за промоција и популаризација на кошарката во Македонија 3x3 Баскетбол од Скопје, бр.11-3465/2 од 27.05.2019 година, од причина што нема доставено проектна задача за начинот на реализација на проектот, како и финансиски план за одобрените средства.

**Член 2**

Со стапување во сила на оваа одлука, престануваат да важи-се поништи Решението бр.11-3465/2 од 27.05.2019 година.

**Член 3**

Се задолжува Одделението за култура и спорт да достави писмено известување до Здружението за промоција и популаризација на кошарката во Македонија 3x3 Баскетбол од Скопје.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-8033/32**
**Датум 13.12.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука За поништување на Решението за одобрување на финансиски средства за реализација на проектот за изградба на Велосипедска (downhill) стаза**

**1.** Се објавува Одлуката за поништување на Одлуката за поништување на Решението за одобрување на финансиски средства за реализација на проектот за изградба на Велосипедска (downhill) стаза, донесена на втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 13 декември 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8387/32**
**Датум: 24.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со Глава II. Проектни активности, Точка 20. Велосипедска (downhill) стаза од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2017 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.14/16), Советот на Општина Карпош, на втората седница, одржана на 13.12.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за поништување на Решението за изградба на Велосипедска (downhill) стаза**

**Член 1**

Со оваа одлука се поништува Решението за исплата на средства за реализација на проектот Велосипедска (downhill) стаза**,** бр.11-1135/2 од 28.02.2017 година, од причини што нема доставено информации за досегашното работење - не е реализиран проектот.

**Член 2**

Со стапување во сила на оваа одлука, престанува да важи односно се поништува Решението бр. 11-1135/2 од 28.02.2017 година.

**Член 3**

Се задолжува Одделението за култура и спорт да достави писмено известување до УНИТИМ ДООЕЛ од Скопје.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-8033/33**
**Датум 13.12.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2021 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2021 година, донесена на втората соедница на Советот на Општина Карпош, одржана на 13 декември 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8387/33** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Датум: 24.12.2021 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и 9; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2021 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/20), Советот на Општина Карпош, на втората седница, одржана на 13.12.2021 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2021 година**

1. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2021 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2020) во точка II.Проектни активности се врши изменување и дополнување на следниот начин:

- Се брише точка 1.Филтри за прочистување на водата за пиење во ЈУОДГ, со предвидени финансиски средства во износ од 360.000,00 денари
- Во точка 11. Парична помош за лица/ семејства во социјален ризик , во делот :
  Предвидена финансиска рамка од 3.000.000,00 денари се зголемува за финансиски средства од избришаната точка 1 во вкупен износ од 360.000,00 денари
- По точка 13, се додава нова точка **14 .Инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ „Пролет“**

2. Во точка 11. Парична помош за лица/ семејства во социјален ризик во делот „ Предвидена финансика рамка ‘‘ износот „ 3.000.000,оо денари ‘‘ се брише и на нагово место се запишува износот од „ 3.360.000, оо денари ‘‘.

По изменувањето и дополнувањето точката 11 гласи :

| **11.** | **Парична помош за лица/семејства во социјален ризик** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Еднократен паричен надомест кој се доделува еднаш во годината за:<br>-Лица/семејства во состојба на социјален ризик<br>- Лекување<br>-Елементарна непогода (поплава , пожар, земјотрес )<br>За остварување на правото на паричен надомест потребно е да се достави соодветна документација како доказ за наведеното барање и се прави увид во домот на барателот .<br>Покрај паричната помош на граѓаните им се пружаат и други видови на поддршка и тоа:<br>- психо-социјална помош<br>- упатување во соодветна институција и решавање на нивните проблеми |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Поддршка за лица/семејства кои во моментот се нашле во состојба на социјален ризик,<br>✓ Психо-социјална поддршка<br>✓ Поддршка за лекување<br>✓ Парична помош |
| **Очекувани резултати:** | Намалување на бројот на лица/семејства кои се во социјален ризик преку поддршка при решавање на нивните проблеми. |
| **Целна група:** | Лица/семејства во социјален ризик |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **3.360.000,оо ден.**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | Парична помош за лица/семејства:<br>-кои се нашле во состојба на социјален ризик (корисници на социјална помош, постојана парична помош, невработени лица)<br>-за лекување<br>-за елементарна непогода (поплава, пожар, земјотрес) |

3. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2021 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.24/2020“),

по точка 13, се додава нова точка **14.Инклузија на деца од Ромската популација во ЈУОДГ „ Пролет ‘‘, која гласи:**

| **14.** | **Инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ „Пролет“** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Преку воспитно образовните програми кои што се реализираат за предучилишно воспитување и образование е планирано вклучување на децата од ромската популација.<br>Во групите кај што престојуваат децата особено внимание се посветува на едукативно-социјалните активности. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Поради непостоење на предучилишна установа во населбата Злокуќани, децата од оваа населба се згрижуваат во ЈУОДГ „Пролет ‘‘ во населбата Влае 1.<br>Во соработка со Министрeството за труд и социјална политика „Општина Карпош‘‘, веќе 17 години е партнер и успешно го спроведува овој проект.<br>Целта на проектот е вклучување на сите деца од општината во воспитно образовниот процес, особено на децата од |

| | |
|---|---|
| | ромската популација,заради намалување на девијантните појави . |
| **Очекувани резултати:** | ✓ Интегрирање во социјалниот живот<br>✓ Подготовка за вклучување во воспитно-образовен процес<br>✓ Намалување на девијантните појави |
| **Целна група:** | Деца од предучилишна возраст од ромската популација од населбата Злокуќани |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br><br><br>**Реализатор:** | Трошоците за престојот на децата ќе бидат покриени од блок дотациите што општината ги добива од Министерството за труд и социјална политика<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | - Превоз за децата од населбата Злокуќани до градинката „ Пролет ‘‘ во населбата Влае ;<br>- целосно подмирување на трошоците за згрижување на деца вклучени во Проектот „ Инклузија на деца Роми ‘‘. |

Во делот „ Вкупна финансика рамка ‘‘ и во делот „ III Финансирање ‘‘ износот од „ 5.190.500,оо денари ‘‘ останува ист.

4.Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Карпош ‘‘.

**Број: 09-8033/34**
**Датум: 13.12.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за одобрување на средства за набавка на еколошки и дидактички материјали и играчки за децата од предучилишните установи**

1. Се објавува Одлука за одобрување на средства за набавка на елокошки и дидактички материјали и играчки за децата од предучилишните установи, донесена на втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 13 декември 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8387/34**
**Датум: 24.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и точка 9; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), Советот на Општина Карпош на втората седница, одржана на 13.12.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на средства за набавка на еколошки и дидактички материјали и играчки за децата од предучилишните установи**

**Член 1**

Се одобруваат финансиски средства во износ од 100.000,оо денари, со цел развивање и унапредување на методологијата на работење во Јавните установи општински детски градинки , за набавка на еколошки и дидактички материјали и играчки.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош, Програма ЕО – Општинска администрација, ставка 423 – материјали и ситен инвентар и потставка 423 990 – други материјали.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-8033/35**
**Датум: 13.12.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за одобрување на средства на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември - Денот на лицата со попреченост**

1. Се објавува Одлука за одобрување на средства на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември - Денот на лицата со попреченост, донесена на втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 13 декември 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8387/35**
**Датум: 24.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), а во врска со Точка 3. Одбележување на 3-ти Декември Денот на лицата со попреченост под мотото „Сите сме исти, сподели среќа‘‘ од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита на Општина Карпош за 2021 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/20), Советот на Општина Карпош на втората седница, одржана на 13.12.2021 година донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на средства на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември - Денот на лицата со попреченост**

**Член 1**

По повод 3-ти декември - Денот на лицата со попреченост како помош се одобруваат средства во износ од 550.000,00 денари за лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош, односно поединечно по 3.000,00 денари.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош, Програма ЕО – Општинска администрација, ставка 471 – социјални надоместоци и потставка 471990 – друга социјална помош.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош по предходно доставен список на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош од страна на Секторот за дејности од јавен интерес – Одделение за детска, социјална и здравствена заштита во Општина Карпош да донесе поединечни решенија за исплата.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-8033/36**
**Датум: 13.12.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање Комисијата за доделување на еднократна парична помош**

1. Се објавува Решението за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање Комисија за доделување на еднoктарна парична помош за 2021 година, донесена на втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 13 декември 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8387/36**
**Датум: 24.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и точка 9; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002); а во врска со Глава 2,- Проектни активности, точка 11 – Парична помош за лица/семејства во социјален ризик од („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2020), Советот на Општина Карпош, на втората седница, одржана на 13.12.2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисијата за доделување на еднократна парична помош**

1. Советот на Општина Карпош, од своите редови именува-верификува членови на Советот, за членови во Комисијата за доделување на еднократна парична помош (составена од 7 члена, од кои 4 члена претставници на Советот на Општина Карпош и 3 члена вработени во администрацијата на Општина Карпош) и тоа:

- Добрила Андоновска
- Владимир Бислимовски
- Адријана Јакимовска Панчевска
- Ивана Стоименовска

2. Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош при изготвување на Решението за формирање Комисија за доделување еднократна парична помош, за претседател на Комисијата да ја именува Добрила Андоновска.

3. Составот на Комисијата да се верификува со решение донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-8033/37**
**Датум: 13.12.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за давање согласност за потпишување Договор за соработка за поддршка на Проектот „Инклузија на деца Роми во јавните општински установи-детски градинки“ во Република Северна Македонија**
**за календарска 2021 година**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за потпишување Договор за соработка за поддршка на Проектот „Инклузија на деца Роми во јавните општински установи-детски градинки“ во Република Северна Македонија за календарска 2021 година, донесена на втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 13 декември 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8387/37**
**Датум: 24.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Одделението за детска, социјална и здравствена заштита за 2021 година, Советот на Општина Карпош на втората седница, одржана на 13.12.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за потпишување Договор за соработка за поддршка на Проектот „Инклузија на деца Роми во јавните општински установи-детски градинки“ во Република Северна Македонија за календарска 2021 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за потпишување Договор за соработка за поддршка на Проектот „Инклузија на деца Роми во јавните општински установи-детски градинки“ во Република Северна Македонија за календарска 2021 година, со цел вклучување на децата Роми во предучилишното образование и унапредување на положбата на Ромите и нивна интеграција во општеството.

**Член 2**

Трошоците за престојот на децата ќе бидат покриени од блок дотациите што општината ги добива од Министерството за труд и социјална политика

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-8033/38**
**Датум: 13.12.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на ПРОГРАМА за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2021 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2021 година, донесена на втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 13 декември 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8387/38**
**Датум: 24.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 ), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2021 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.24/2020 и 7/2021“), Советот на Општина Карпош, на втората седница, одржана на 13.12.2021 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа образованието за 2021 година

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2021 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2020 и 7/2021), во точка II. Проектни активности се врши изменување и дополнување на следниот начин:

- точка 2.Превоз на учениците од општинските основни училишта се бришат подточките:
  2а-Есенски излет за ученици од 1-9 одделение и
  2б(2)-Организиран превоз на ученици

По изменувањето и дополнувањето, точка 2 од Програмата гласи:

| **2.** | **Превоз на учениците од општинските основни училишта**<br>**Реализатор: Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | **<u>2б(1)-Превоз на ученици согласно член 73 (1) од ЗОО</u>**<br>Согласно член 73 став (1) од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20) ученикот има право на организиран или бесплатен превоз ако местото на живеење е оддалечено најмалку два километри од најблиското основно училиште.<br>Согласно член член 22-б од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), бесплатниот превоз на ученици од основното образование се врши од страна на носителите на дозвола за општински линиски превоз, по цени и на начин утврдени од Советот на Град Скопје. |

| | |
|---|---|
| | |
| **Стратешки насоки и цели:** | Олеснет пристап до најблиското општинско основно училиште<br>Безбеден и навремен правоз на учениците<br>Исполнување на законска обврска |
| **Очекувани резултати:** | Олеснување на семејниот Буџет на учениците |
| **Целна група:** | Ученици од општинските основни училишта. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **2.000.000.00 денари** |
| **Трошоци:** | Трошоци за обезбедување превоз согласно Закон<br>Надомест за превозот, согласно утврдени цени на ЈСП |

II. **Вкупна предвидена финансиска рамка:** Во делот вкупна предвидена финансиска рамка износот 9.445.000,00 денари останува непроменет.

**Број: 09-8033/39**
**Датум 13.12.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за задолжување на службите да изработат спецификација на технички можности за следење и објавување на седниците и комисиите во живо, со рок до прва наредна седница**

1. Се објавува Одлуката за задолжување на службите да изработат спецификација на технички можности за следење и објавување на седниците и комисиите во живо, со рок до прва наредна седница, донесена на втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 13 декември 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8387/39**
**Датум: 24.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош на второта седница, одржана на 13.12.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за задолжување на службите да изработат спецификација на технички можности за следење и објавување на седниците и комисиите во живо, со рок до прва наредна седница**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош ги задложува службите да изработат спецификација на техничките можности за следење и објавување на седниците и комисиите во живо, со рок до прва наредна седница.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-8033/40**
**Датум: 13.12.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за задолжување на општината за објава на сите јавни информации**

1. Се објавува Одлуката за задолжување на општината за објава на сите јавни информации, донесена на втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 13 декември 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8387/40**
**Датум: 24.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на чл.62 од деловникот на советот на Општина Карпош донесен од страна на Советот на Општина Карпош на 13 Март 2016 година и поднесеното писмено барање од членот на Советот на Општина Карпош Татјана Стојановска, Советот на Општина Карпош, на втората седница, одржана на 13.12.2021 година донесе

**ОДЛУКА**
**за задолжување на општината за објава на сите јавни информации**

**Член 1**

Со оваа Одлука се предвидува задолжување на општината да ги објави сите информации согласно чл.10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактерна својата интернет страна во рок од 15 дена.

**Член 2**

Согласно член 10 од Законот за слободен пристап до информациод јавен карактер, општината е должна на својата интернет страна да ги објави следните информации кои не се објавени:
- список на лица вработени во општината, со позиција, службен е-маил и службентелефон (сите вработени, со склучен договор на неопределено и определеновреме)
- правилникот за внатрешна организација,
правилникот за систематизација на работните места, правилникот за заштитено внатрешно пријавување и други правилници и акти,
- годишни планови и програми за работа
- целокупната документација за јавните набавки, за концесиите и за договорите за јавно-приватно партнерство,
- предлог програмите, усвоените програми, како и нивните измени
-извештаи за работа кои општината ги поднесува до органите надлежни за спроведување контрола и надзор,
- статистички податоци за работата, како и други информации, акти и мерки со кои се влијае на животот и работата на граѓаните и кои произлегуваат од надлежноста и работата на општината
- телефонски број за контакт со службеното лице за посредување со информации
- начинот на поднесување на барање за пристап до информации (начин на поднесување усно и писмено барање за пристап до информации, како и барање поднесено по електронски пат),
- основните податоци за контакт со лице овластено за заштитено внатрешно пријавување и тоа:

име и презиме, е-маил адреса и телефонски број.

**Член 3**

За носење на оваа предлог одлука не се потребни финансиски средства.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Карпош

**Број: 09-8033/41**
**Датум: 13.12.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Службена белешка за неусвојување Предлог-Одлука со која се задолжува општината сите објавени документи да се оформат каде што можат да се пребаруваат со кириличен фонт**

1. Се објавува Службена белешка за неусвојување Предлог-Одлука со која се задолжува општината сите објавени документи да се оформат каде што можат
да се пребаруваат со кириличен фонт, која беше разгледувана и гласана од Советот на Општина Карпош на втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 13 декември 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8387/41** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Датум: 24.12.2021 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, точка 4 и точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), а во врска со усвоениот предлог за дополнување на дневниот ред на втората седница на Советот на Општина Карпош со Предлог-Одлука со која се задолжува општината сите објавени документи да се оформат каде што можат да се пребаруваат со кириличен фонт, Претседателот на Советот на Општина Карпош донесе

**СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА**
**за неусвојување Предлог-Одлука со која се задолжува општината сите објавени документи да се оформат каде што можат да се пребаруваат со кириличен фонт**

1. Со оваа Службена белешка се констатира дека усвоениот предлог за дополнување на дневниот ред на втората седница на Советот на Општина Карпош со Предлог-Одлука со која се задолжува општината сите објавени документи да се оформат каде што можат да се пребаруваат со кириличен фонт, со 2 гласа ЗА, 10 гласа ПРОТИВ и 11 гласа ВОЗДРЖАНИ не беше усвоена од Советот на Општина Карпош на втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 13 декември 2021 година.

2. Оваа белешка влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-8033/42**
**Датум: 13.12.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за забрана на неовластено снимање на седниците на Советот на Општина Карпош, до усвојување одлука за пренос во живо**

1. Се објавува Одлуката за забрана за неовластено снимање на седниците на Советот на Општина Карпош, донесена на втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 13 декември 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8387/42**
**Датум: 24.12.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со доставениот предлог од членот на Советот на Општина Карпош Владимир Бислимовски, даден на 2рата седница на Советот на Општина Карпош-прв дел, одржана на 9 декемри 2021 година, Советот на Општина Карпош, на втората седница-втор дел, одржана на 13.12.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за забрана на неовластено снимање на седниците на советот на ОК, до усвојување одлука за пренос во живо**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дефинира дека секое неовластено сминање и пренесување на седниците на Советот на Општина Карпош во живо се забранува. До усвојување одлука за техничко решение и начинот на пренос во живо, како и медиумот на кој ќе се емитуваат седниците на Советот на Општина Карпош.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-8033/43**
**Датум: 13.12.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Службена белешка за констатација во врска со потпишувањето на акти донесени на седница на Советот на Општина Карпош, со Заклучок за објавување,
2. Службена белешка за утврдување фактичка состојба во врска со потпишувањето на акти донесени на седница на Советот на Оптшина Карпош, со Заклучок за објавување
3. Заклучок за усвојување на Извештај на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош со Предлог за верификација на мандатот на член на Советот на Општина Карпош, со Заклучок за објавување;
4. Службена белешка за неусвојување Предлог-Одлука за спроведување ревизија за ДУП за градска четврт ССИ 03, блок 03.07, со Заклучок за објавување
5. Службена белешка за неусвојување Предлог-Одлука за задолжување на Градоначалникот и Општината да стопираат со издавање на градежни дозволи и забрана за почнување на градба за веќе издадени одобренија се додека трае ревизијата на ДУП за градска четврт ССИ 03, блок 03.07, со Заклучок за објавување
6. Службена белешка за неусвојување Предлог-Одлука за спроведување ревизија на ДУП за градска четврт З06, блок 06.09, со Заклучок за објавување
7. Одлука за утврдување на надоместок на членовите и Претседателот на Советот на Општина Карпош за присуство на седници на Советот, со Заклучок за објавување;
8. Одлука за давање согласност за спогодбено преземање на административен службеник, со Заклучок за објавување;
9. Одлука за поништување на Одлуката за одобрување финансиски средства на "Прв Скопски извиднички одред" за изготвување и реализација на проектот од областа на животната средина, природата и енергетската ефикасност "Карпош е атрактивен", со Заклучок за објавување;
10. Одлука за давање согласност за прифаќање донација од Фондот за иновации и технолошки развој за доделување награда на истражувачки проекти во рамки на „Предизвикот за млади истражувачи 3“( со компостирање до помалку отпад) , со Заклучок за објавување;
11. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2021 година, со Заклучок за објавување;
12. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за домашно долгорочно задолжување во рамки на Вториот проект „За подобрување на општинските услуги МСИП 02“,со Заклучок за објавување;
13. Одлука за давање согласност за кофинансирање на проектот „Реконструкција на улица Варшавска-урбана заедница Тафталиџе 1“,со Заклучок за објавување;
14. Одлука за давање согласност за користење на грант средства од МСИП 2-проект за изведба на проектот за „Набавка на комбиниран ровокопач-натоварувач“ за потребите на Општина Карпош, со Заклучок за објавување;
15. Одлука за давање согласност за кофинансирање на Проектот „Набавка на комбиниран ровокопач-натоварувач“ за потребите на Општина Карпош, со Заклучок за објавување;
16. Одлука за утврдување на надомест за градежно-земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, со Заклучок за објавување;

17. Одлука за поништување на Одлуката за одобрување финансиска поддршка за реализација на проектот Илинденски марш 1978, со Заклучок за објавување;
18. Одлука за поништување на Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на Фудбалски Клуб Локомотива Бентонекспорт, со Заклучок за објавување;
19. Одлука за поништување на Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на Здружение на граѓани фудбалски клуб „Локомотива Бентоекспорт“-Скопје, со Заклучок за објавување;
20. Одлука за поништување на Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на Друштво за угостителство, промет и услуги Фан Тенис ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со Заклучок за објавување;
21. Одлука за поништување на Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на Друштво за угостителство,промет и услуги Фан Тенис ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со Заклучок за објавување;
22. Одлука за поништување на Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на Пливачки клуб Бета Шаркс, со Заклучок за објавување;
23. Одлука за поништување на Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на Кошаркарски клуб Водњански Лисици-Скопје, со Заклучок за објавување;
24. Одлука за поништување на Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на Кошаркарски клуб Водњански Лисици-Скопје, со Заклучок за објавување;
25. Одлука за поништување на Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на Кошаркарски клуб Водњански лициси Скопје, со Заклучок за објавување;
26. Одлука за поништување на Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на Пливачки клуб Карпош, со Заклучок за објавување;
27. Одлука за поништување на Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на Здружение кик бокс клуб Про Кик Каринг, со Заклучок за објавување;
28. Одлука за поништување на Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на Ски клуб Меденица, со Заклучок за објавување;
29. Одлука за поништување на Решението за исплата на средства за реализација на проектот „Креативен центар Карпош“, со Заклучок за објавување;
30. Одлука за поништување на Одлуката за одобрување финансиска поддршка за промоција и популаризација на кошакрката во Македонија 3x3 баскетбол, со Заклучок за објавување;
31. Одлука за поништување на Решението за изградба на велосипедска (downhill) стаза, со Заклучок за објавување;
32. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2021 година, со Заклучок за објавување;
33. Одлука за одобрување на средства за набавка на еколошки и дидактички материјали и играчки за децата од предучилишните установи, со Заклучок за објавување;
34. Одлука за одобрување на средства на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември – Денот на лицата со попреченост, со Заклучок за објавување;
35. Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина карпош во Комисијата за еднократна парична помош, со Заклучок за објавување;
36. Одлука за давање согласност за потпишување Договор за соработка за поддршка на Проектот „Инклузија на деца роми во јавните општински установи-детски градинки“ во Република Северна Македонија за календарска 2021 година, со Заклучок за објавување;
37. Програма за изманување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2021 година, со Заклучок за објавување;

38. Одлука за задолжување на службите да изработат спецификација на технички можности за следење и објавување на седниците и комисиите во живо, со рок до прва нердна седница, со Заклучок за објавување;
39. Службена белешка за неусвојување Предлог-Одлука со која се задолжува општината сите објавени документи да се оформат каде што можат да се пребаруваат со кириличен фомт, со Заклучок за објавување и
40. Одлука за забрана на неовластено снимање на седниците на советот на ОК, до усвојување одлука за пренос во живо, со Заклучок за објавување.

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**